CAC
the contemporary art center

# Возење
## Оливер Мусовиќ

28.9.-13.10.2006
отворање среда, 27. септември 2006, 20.00ч.
Галерија Куршумли Ан, Музеј на Македонија, Скопје
Центар за современи уметности - Скопје



Тркалото е моќен симбол, метафора за животот кој го комбинира кругот со значење на целост и довршеност, со елементот на движење или проаѓање на времето, преставено со вртење на тркалото.
***Возење*** е најновата серија фотографии (2006) на Оливер Мусовиќ која за мотив ги има вообичаените земски превозни средства со тркала, кои наредени хронолошки од бебешка количка до погребална кола, иако без непосредна човечка присутност, градат приказна за еден сосема возможен, просечен човечки живот. Фотографиите се работени во дух на улична документарна фотографија и серијата одава впечаток на една (псеудо)антрополошка студија.

Оливер Мусовиќ (1971) дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во 1997 година, а магистрирал во 2004. Досега имал 13 самостојни изложби во Македонија, Швајцарија, Словенија, Србија, Австралија и Црна Гора. Учествувал и на бројни меѓународни изложби на современа уметност во земјата и странство, меѓу останатите учествувал на Манифеста 4 - Европско биенале на современа уметност во Франкфурт во 2002 година и на 6. Меѓународно истанбулско биенале во 1999 година.

**www.scca.org.mk/musovik**

Министерство за култура

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
MUSEUM OF MACEDONIA